**Градоначалник**

**Република Северна Македонија**
**Општина Неготино**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА НЕГОТИНО
ГРАДОНАЧАЛНИК
Бр. 09-1716/7
10.08.2026 год.
НЕГОТИНО

Врз основа на член 50 став (1) точка 16 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 202/24), а во врска со реализацијата на проектот **„Еднаков пристап до здравствена заштита за постарата популација во прекуграничната област: соочување со предизвикот на деменцијата – ElderCare“**, финансиран од Европската Унија преку Интеррег ИПА Програмата за прекугранична соработка помеѓу Република Северна Македонија и Република Грција 2021–2027, во која Општина Неготино учествува како проектен партнер бр. 4, а врз основа на предлогот за избор на асистент бр. 09-1716/6 од 10.08.2026 година од Комисијата за избор на асистенти, Градоначалникот на Општина Неготино донесе

## О Д Л У К А

**за избор на асистент во рамките на проектот „Еднаков пристап до здравствена заштита за постарата популација во прекуграничната област: соочување со предизвикот на деменцијата – ElderCare“**

### Член 1

За асистент во рамките на проектот „Еднаков пристап до здравствена заштита за постарата популација во прекуграничната област: соочување со предизвикот на деменцијата – ElderCare“ се избира:

- **Глорија Петрова.**

### Член 2

Избраниот асистент ќе биде вклучен во проектните активности согласно условите, критериумите и правилата утврдени во проектната документација и договорот за финансирање на проектот.

### Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување и ќе биде објавена на веб-страницата на Општина Неготино.

### ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

За потребите на реализацијата на проектот беше објавен јавен повик за избор на асистент по проектот **„Еднаков пристап до здравствена заштита за постарата популација во прекуграничната област: соочување со предизвикот на деменцијата – ElderCare“**. По спроведената постапка, Комисијата формирана за таа намена изврши преглед и оцена на доставените пријави и документација и состави Записник за избор на асистент. Од увидот во доставената документација и извршената евалуација, Комисијата утврди дека кандидатот  ги исполнува сите услови и критериуми утврдени со јавниот повик и проектната документација. Имајќи ги предвид наодите и предлогот на Комисијата, како и потребата од навремена и ефикасна реализација на проектните активности, Градоначалникот на Општина Неготино одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**Градоначалник**
**Марија Нацева**

Изработил: Пепица Камчева
Одобрил: Елизабета Камчева